TIKVEŠ
SINCE 1885

СООПШТЕНИЕ

**Меѓународно признание за извонредни резултати во работењето**

# Светозар Јаневски и „Тиквеш" прогласени за „најменаџер и најкомпанија на годината" во регионот

Сараево, 06.07.2015 – Винарската визба „Тиквеш" и нејзиниот претседател на управниот одбор - Светозар Јаневски се добитници на меѓународното признание **„Најменаџер и најкомпанија на годината"** што ги доделува регионалната канцеларија за Југоисточна Европа на Европското здружение на менаџери и списанието „Еуроменаџер" (Euromanager).

За наградата, која годинава се доделува по 32-ри пат, биле номинирани 2000 менаџери и компании од целиот регион, врз основа на предлозите кои до жири комисијата ги доставуваат досегашните добитници на награда, стопанските здруженија и комори, како и истакнати поединци од академската и бизнис заедницата од Југоисточна Европа.

„Оваа меѓународно верификувана награда Ви припаѓа вам и на Вашата компанија заради извонредните резултати во сите сегменти од работењето", стои меѓу другото во писмото со честитки од жири комисијата на Европското здружение на менаџери, упатено до „Тиквеш" и господинот Јаневски.

„Ова признание го посветувам на сите мои соработници, партнери во инвестициската групација М6 и вработени во „Тиквеш". Тоа е резултат на мојата и нивната огромна енергија, вложен труд, знаење, и пред се - нивната доверба во нашата визија за успехот на „Тиквеш", како еден од најпознатите производители на вино од нашиот регион, во глобални рамки", истакна господинот Јаневски, заблагодарувајќи се за наградата.

Винарската визба „Тиквеш" и господинот Јаневски се единствените добитници на годинешната награда од Македонија. Покрај нив, наградата за „Најменаџер и најкомпанија на годината" им е доделена уште на 24 менаџери и компании од 14 земји од Европа.

Контакт: Винарска визба „Тиквеш" (маркетинг), тел. +389 2 3181 724

ImagePR, +389 (0)2 3290 486; office@imagepr.com.mk